## Калиопи: Дваесет минути ќе чекаа на бис

"Во Универзалната сала за првпат го запознав Игор Цамбазов. Јас бев дете, а тој ѕвезда на ´Волшебното самарче´. Пишуваше домашна задача во една од канцелариите горе. Во истата сала со Ромео го одржавме големиот проштален концерт во 1988 година. Тогаш за првпат почувствував 20-минутно скандирање за бис. Мислевме дека со ´Бато´ ќе биде крај на концертот, а луѓето бараа уште. Во 2000 година



*Калиопи наполни три универзални сали на турнејата "На пат до Македонија" во 2001 година.- Со Есма*

одржав три концерти по ред, за време на мојата голема турнеја ´На пат до Македонија´. Моја амбиција не е да ја наполнам ´Борис Трајковски´. Попрво би избрала седум пати по ред да пеам во Универзална, таа е многу значајна за мене", вели Калиопи, која во 1976 година за првпат излегла на сцената на Универзална на "Златно славејче", со веќе антологиската детска песничка: "Мојата учителка".



## Циле во Универзална за првпат облече костум

Во март 1998 година се одржа конвенција на Демократската алтернатива, на чело со еден од тогашните најхаризматични лидери Васил Тупурковски.

Промоцијата на партијата се одржа во Универзална сала. Настанот ќе остане запаметен по тоа што Тупурковски за првпат облече костум. **(С. К. Д.)**

## Прва конвенција на политичка партија од западен стил

Првата современа конвенција на политичка партија, односно коалиција, се случи токму во Универзалната сала во 1990 година. Тогаш се промовираше коалицијата СКМ-ПДП, на чело со Петар Гошев.

"Конвенцијата беше организирана во западен стил. Беше прва во Македонија од таков вид: имаше говорници, ги претставувавме кандидатите за пратеници, имавме убава режија, а беше поставен дури и видеобим. Слободан Унковски ни помагаше во тоа време", се потсетува експгувернерот на Народна банка Петар Гошев.

Лидерот на НСДП Тито Петковски, кој тогаш беше во претседателството на СКМ-ПДП, вели дека се канеле гости колку што има седишта, а не како денеска, партиите, вели, канат дупло, за да напикаат максимум во Универзална и на стоење, а надвор да чекаат уште толку, за да се прикаже лажна слика - ете колкава заинтересираност, а Универзална сала претесна.

Во 1999 година во Универзална беше објавена кандидатурата на Петковски за претседател на Македонија. ***(С. К. Д.)***

## Дади Ангеловски: Игравме претстави со оперирано срце

Ако Универзална се отворила во 1966 година, познатите македонски хумористи Владимир - Дади Ангеловски, Димче Мешковски, Емин Унџел и Ѓокица Лукаревски влегле првпат во 1967 година.

"Сме играле сè, од ´Хихирику´ до ´Глумците пеат´, но рекордери сме во детските новогодишни претстави. Една година изигравме 30 претстави за 6 дена. Како кино бевме. По 5 претстави дневно. А сите што ќе гледате овде сме со сецнато срце. И немаше паузи. Ако те оперираат во понеделник, на пример, за 6 дена веќе те викаат да играш нова претстава. Еднаш на Ѓокица му беше толку лошо, што паѓаше и се тркалаше на сцена. Сите мислеа дека тоа е дел од сценариото, а Ѓокица беше навистина болен. Јас за 45 години актерски стаж не сум откажал ниту една претстава", се сеќава Владимир - Дади Ангеловски.





*Оскар на популарноста.- Ранко Петровиќ, Силви Плевнеш, Драган Вучиќ, Влатко Плевнеш, Олгица Христовска, Роберт Саздов и Владо Јаневски како дуо "Ластовица"*

## Ранко Петровиќ:

Ранко Петровиќ, првиот човек на "Златна Бубамара на популарноста", кој живеел близу Универзална, се сеќава дека како дете си играл криенка и камај внатре, кога салата била празна. Стариот чувар бил горе на катот, па ги бркал децата, откако ќе ги фател. Хит на другарите на Ранко од одделение и од маало им било да влегуваат на концерти од прозорчето на тоалетот, кое секогаш било отворено. "Имавме еден дебел другар, тој во 3. одделение имаше 55 килограми, а ние по 25. Така шпионски, низ прозорец, влегувавме во салата додека концерт имаа ´Нови фосили´, во

# Декември беше месец на Тоше

Тоше Проески го одбележуваше секој декември во Универзалната сала, сé до 2006 година. Мегаѕвездата, пред крајот на годината одржуваше хуманитарни концерти за децата со посебни потреби. Во многу наврати, Тоше има кажано дека тие интимни концерти и моментите кога децата ја окупираа сцената за да го гушнат, му се најдраги во кариерата.

бамара на популарноста", а потоа наградата за пејач на годината ја добиваше 9 години по ред. Добиваше и награди на манифестациите "ТВ-лице на годината" на "Вечер" и "12 величествени". Тоше е првиот македонски пејач што одржа 5 концерти во Универзална во март во 2001 година, во организација на "Авалон" продукција. Во 2004 година беше избран да ја претставува Македо-



*Тони Михајловски му ја врачува "Златна Бубамара на популарноста" на Тоше во 2004 година*

За првпат стапна на сцената на Универзалната сала во 1992 година на "Златно славејче", кога ја испеа "Мојот дедо" на влашки јазик. На 3 февруари 1999 година Тоше стана миленик на публиката, откако ја доби наградата за најперспективен пејач на "Златна Бу-

нија на "Евросонг", и се претстави со нови пет песни на евровизиското шоу. Гостуваше на концертите на многу балкански ѕвезди, а познатиот дует со Аки Рахимовски за песната "Есен во мене" (Јесен у мени) го испеа во истата сала во 2004 година.

## Вера Бошковска, директор на Универзална: Глумев дека се откажува "Златна Бубамара"

Сегашната директорка на Универзална Вера Бошковска пред една и пол година беше дел од игра на "Златна Бубамара на популарноста". Според сценариото, Бошковска требаше да глуми дека шоуто се откажува, затоа што водителот Сашко Коцев не дошол навреме. "Излегов на сцена и пред толку луѓе, мртва сериозна, реков дека ´Златна Бубамара´ нема да има. Ние, како Универзална сала, се орадуваме од откажувањето на манифестацијата, и парите на луѓето што купиле билети, нема да им ги вратиме", раскажува сегашната директорка на салата, и додава дека тоа била симпатична шега во која таа брзо прифатила да учествува.

# Велибор Џаровски - Џаро: Доделив "југо", место 500 марки

"Дорис Драговиќ е рекордер во концерти што јас сум ги работел во Универзална. Седум дена по ред во 1987 година. Сигурен сум и дека е рекордер по број на посетители - 1.900 луѓе на последниот концерт, сосе билетите за стоење. Замислете, со дозвола на тогашниот директор на салата, пуштивме во продажба уште 300 недозволени, екстра карти за стоење. Не се дишеше во салата", раскажува Џаро анегдота од зад сцената. На сцената, тој бил и во улога на водител во 1993 година, кога во неговата радиоемисија "Џаро - незадолжително и без компас" на "Скај радио" доделил автомобил "југо" како главна награда. Спонзор на наградната игра била месната индус-



*Велибор Џаровски - Џаро, како дел од неговата радиоемисија, подари "југо" во 1993 година*

трија "Срем". "Морав да им се оддолжам на слушателите. Еднаш направив наградна игра на радио - Која е најслушаната песна во историјата на поранешна Југославија? Кој погоди, добива 500 марки. Набројуваа луѓето песни од Здравко Чолиќ, од ´Бијело дугме´, од Мишо Ковач. И на крај јас реков - ова е најслушаната песна. Ја пуштив поранешната химна ´Хеј Словени´. Тоа беше голема храброст да се направи во 1992 година. Ме однесоа во полиција на разговор потоа. За да им се оддолжам на слушателите за тие 500 марки што не ги дадов, доделив ´југо´, со купони и лесно прашање за погодување", раскажува Џаро.

Среде концерт на босанскиот пејач Сеид Мемиќ - Вајта, тој дознал дека починал брат му на пејачот. Криеле од Вајта за да може да го продолжи концертот.

*(Продолжува на стр. 8)*

# Го криев Здравко Чолиќ во "фиќо"

времето на еуфоријата по ´Е мој Саша´. Сите влеговме, а дебелиот другар се заглави на прозорецот. Го фати паника и едвај го извадивме. Тогаш нé начекаа и дежурниот чувар и полицаецот, па утредента сите бевме на разговор кај директорот на училиштето. Утредента прозорчето од тоалетот го затворија, а нас нé пуштаа да влегуваме гратис на секоја претстава. Не сум пропуштил ниту еден концерт во Универзална од 1983 година", се сеќава Петровиќ.

"Подоцна, кога во 1992 му помагав на Џаро во организацијата на ´Оскарот на популарноста´ на тогашното ´Скај радио´, имав задача да го изнесам Здравко Чолиќ од салата. Од службениот влез излегоа сите ѕвезди што пееја таа вечер: Бајага, Бора Чорба, Кемал Монтено, Ѓорѓе Марјановиќ, но беше проблем како да се изнесе Здравко, а да не го нападнат обожавателки. Осумдесет луѓе го чекаа на службениот влез, и јас во еден момент им реков: ´Здравко ќе излезе на предниот влез´. Одеднаш толпа луѓе се стрча на предната врата, а Здравко набрзина излезе од задната. Како некој криминалец, го шверцувавме во ´фиќо´, и потоа требаше да се премести во ´голфот´ каде што го чекаше брат му. Кај ресторанот ´Боеми´ го забележаа две жени, и потоа се насобраа луѓе, па уште половина час не можеше да влезе во ´голфот´", се сеќава Ранко.